


Во рамки на проектот за одбележување на Денот за светското културно наследство 18 Април, на 26.03.2021 година, успешно се одржа вторатa онлајн работилница,во која учествуваа ученици од ООУ Лазо Трповски“, ООУ „Тефејјуз“, ООУ „Лирија“ и ООУ „26 Јули“.

Вклучувањето на младите во културниот настан со сите негови елементи претставува основа за негување на културните вредности.



Целта на оваа работилница беше негување на љубовта кон културното наследство, традицијата и обичаите на различни етникуми во Македонија, како и стекнување на придобивки од заедничкото живеење во мултикултурното општество, кое се залага за признавање на етничката и културната разноликост.




Културното наследство е голема инспирација за творење, преку културните различности. Треба да го чуваме и негуваме минатото, за да ја предодредиме иднината. Мултикултурализмот е богатство за општеството. Ова би требало да ги доведе учениците до знаење за културните различности меѓу луѓето и надминување на стереотипите за правење разлики.









Македонски играорци



Мијачка носија, Галичник

## Каде се практикува овој обичај

- Мартинките се дел од културниот идентитет на македонскиот народ, но и дел и од традицијата на неколку други народи од Балканот, што е заедничка пишка што го поврзува овој дел од Европа.
- Овој обичај за правење и носење мартинки се јавува во неколку форми, во зависност од државата каде се практикува. Во Романија и Молдавија, мартинката се нарекува мартисор, но таму мартинки носаат само жените, додека во Македонија и Бугарија ги носат сите.







Учениците на работилницата се запознаваа со традициите и обичаите на различни етникуми во нашата земја. Имаше особен интерес за одбележување на културните вредности, преку разновидни презентации и видео содржини, разменувајќи мислење, идеи, кои водат до унапредување на вредностите на заедничкото живеење во мултикултурно и мултиетничко општество.

На крај донесоа заеднички заклучоци дека почитувањето и негувањето на меѓусебните сличности и разлики на различни етникуми се услов за создавање на успешен соживот.




За културата:
Per kulturen:
Kultura shqipetare eshte unike dhe e larmishme.Ka dy gr upe
kulturore ne territoret shqiptare:gege(ne pjesen veriore) dhe toske(ne pjesen jugore)
Megjithate ekzistojne disa ndryshime midis dy grupeve k ulturore,ato mbajne nje identitet te forte kombetare dhe kulture etnike.
Албанската култура е единствена и разновидна. Пос тојат две културни групи на албанските територии: Ге ге (во северниот дел) и Тоске (во јужниот дел)
Иако постојат некои разлики помеѓу двете културни г рупи, тие одржуваат силен национален идентитет и етничка култура.


АЛБАНСКИ ОБЕЛЕЖЈА
Албански обележја се црвената и црната боја, животни како што се златниот орел, костими како што се фустанела, кече и опинга, кои се носат на специјални настани и прослави.И славењето на најголемите исламски празници Курбан Бајрам и Рамазан Бајрам на кој му претходи 30 дневен пост.


• МАКЕДОНСКИ ОБЕЛЕЖЈА
Македонија е земја во која минатото оставило скапоцени траги, а сегашноста уште повеќе го разубавила и оплеменила. Богатата македонска традиција на најубав можен начин се измешала со напредокот и современиот живот, па така сплотени заедно претставуваат една успешна целина која во себе ги содржи сите елементи на една култура која се темели на своите вековни обичаи.Воскресението Христово е најголем празник, уште и нарекуван „празник над празниците" традиционалното боење на црвеното јајце. Покрај него постојат и други празници кои се од големо значење во православната црква, наречени дванаесет големи празници.
МЦ
КА
BJ


Ромска носија
Ромска носија низ децении
sheja mashkar o vaktija
+25
МЦ
КА
BJ


994 4125
Kahoot!
Hajrija
elmedina fazli
Pavel
Iman Tufekcieck
Bistra
Zein


Кои бои се користат при правење мартинки?
18
црвена
бела
жолта
зелена

Носител и организатор на проектот за одбележување на денот на светското културно наследство е ООУ „Лазо Трповски“. Голема благодарност за огромната поддршка на директорката Соња Јовановска, воуспешното спроведување и  реализација на досегашните активности и работилници.

Упатуваме голема пофалба до учениците од ООУ„Лазо Трповски“, ООУ „Тефејјуз“, ООУ „26 Јули“, ООУ „Лирија“, кои под менторство на професорите Кузман Марковски, Сања Трајкоска, Милица Патраклиева, Сунај Копач, Блерим Јакупи, Васка Китановска Велковска изработија прекрасни трудови за културното наследство на Македонија. Овие работилници беа голем мотив за нивно учество во понатамошните активности во рамки на проектот, со единствена порака да се развива чувство на толеранција и почитување на разликите како услов луѓето да живеат едни со други.

Автор и координатор на проектот

д-р Милица Патраклиева